


# ЕУ ВЕСТИ

**ЕУ ЦЕНТАР**
**април 2025 година**
**ЕУЦ-број 101/2025**

## ПАТОКАЗ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ



Европската комисија на 7 март 2025 г. презентираше нов Патоказ за зајакнување на правата на жените, со цел да обезбеди конкретни насоки и мерки за унапредување на родовата еднаквост.

Патоказот за правата на жените претставува водечки документ кој ја насочува идната политика за родова еднаквост и ги дефинира приоритетите за следниот период. Документот има за цел да создаде силна основа за натамошно унапредување на женските права низ целата Унија и пошироко и претставува долгорочна стратегија за промоција и унапредување на женските права во Европа.

Еднаквоста меѓу жените и мажите е клучна за успехот на ЕУ. Жените сочинуваат половина од нејзиното население, а нивното целосно вклучување во работната сила и процесите на донесување одлуки е од суштинско значење за економскиот раст и стабилност.

Главната цел на Патоказот е да се постигне целосно и ефективно учество на жените во сите сфери на животот, со посебен фокус на политичката и економската сфера.

Патоказот за правата на жените е насочен кон унапредување на следните клучни принципи и цели:

- *Слобода од родово базирано насилство* – борба против насилството врз жените, како физичко, сексуално, психолошко, економско насилство.
- *Највисоки здравствени стандарди* – обезбедување еднакви услови за здравствена грижа, вклучително и за сексуалното и репродуктивното здравје.
- *Еднаква плата и економско зајакнување* – намалување на родовиот јаз во платите и овозможување еднакви економски можности.
- *Рамнотежа помеѓу работата и животот* – поддршка за флексибилни работни услови, вклучувајќи семејни отсуства и пристап до квалитетна грижа.
- *Еднакви можности за вработување и соодветни услови за работа* – борба против родова дискриминација на пазарот на трудот.
- *Квалитетно и инклузивно образование* – промоција на образование што ќе им овозможи на жените и девојките да ги постигнат своите цели.
- *Политичко учество и еднаква застапеност* – поддршка за поголема застапеност на жените во политичките процеси.
- *Институционални механизми* – обезбедување механизми за заштита и промоција на правата на жените во сите области.

ЕУ е посветена на унапредување на правата на жените и родовата еднаквост на глобално ниво, вклучително преку хуманитарни интервенции, политички дијалог и

https://ec.europa.eu

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Патоказ за зајакнување на правата на жените | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Одложени царинските тарифи | 3 |
| Собраниски активности поврзани со | 4-5 |
| Повик за приватни инвестиции во Западен Балкан | 6 |
| Дигитализација на малите и средни претпријатија во Западен Балкан | 6 |
| Предлог регулатива за спречување на загадувањето со микропластика | 7 |
| Нови правила за зајакнување на безбедноста на патиштата | 7 |
| Дирктива за минимално оданочување на големите корпорации во ЕУ | 8 |
| Активирање на националната клаузула за отстапување | 8 |
| План за зајакнување на вештачката интелигенција и технолошката независност | 9 |
| Безбедни земји за враќање на мигрантите | 9 |
| 40 години Шенген | 10 |
| Одбележување на денот на Европа | 10 |
| Нови рекорди на интернет платформите за резервации во 2024 година | 11 |
| ЕУ календар мај 2025 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Плеарна сесија 31.3 - 3.4.2025***

На пленарната сесија европратениците дебатираа за трговијата, одбраната и конкурентноста, со претседателот на Европскиот совет, Антонио Коста и претседателката на Европската комисија Урсула фон дер Лајен, инсистирајќи на акција за зајакнување на економијата и одбраната на ЕУ. Претседателот А.Коста, го нагласи јасното „чувство за итност“ на лидерите за зајакнување на конкурентноста на Европа и создавање услови за повеќе инвестиции во одбраната.

Европатениците ги одобрија насоките на Парламентот за буџетот на ЕУ за 2026 година со 441 глас, истакнувајќи дека буџетот за следната година треба да се фокусира на стратешка подготвеност и безбедност, економска конкурентност и отпорност, одржливост, клима и единствен пазар. Во усвоениот текст, европратениците повикуваат на подобрена безбедност, сајбер безбедност и одбранбени капацитети на ЕУ, како и финансирање за транспортна инфраструктура со двојна намена.

Европарламентот го усвои својот годишен извештај за човековите права и демократијата во светот за 2024 година, предупредувајќи на влошувањето на глобалната состојба со човековите права.

Во извештајот за Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП), усвоен со 378 гласа Европарламентот предупредува дека руската агресивна војна против Украина ја еродира безбедносната архитектура на Европа, дестабилизирајќи и загрозувајќи го источноевропското соседство и Западен Балкан.
Европскиот парламент со 531 глас го поддржа одложувањето на датумите за примена на новите закони на ЕУ за барањата за длабинска анализа и известување за одржливост. Европратениците го поддржаа предлогот на Комисијата, како дел од пошироките напори за поедноставување насочени кон зајакнување на конкурентноста на ЕУ. Примената на директивата за известување за одржливост ќе биде одложена за две години за вториот и третиот бран компании опфатени со законодавството. Големите компании со повеќе од 250 вработени ќе бидат обврзани да известуваат за своите социјални и еколошки мерки за прв пат во 2028 година за претходната финансиска година, додека котираните мали и средни претпријатија ќе мора да ги достават овие информации една година подоцна. Со 427 гласа европратениците побараа забрзување на активностите по предлогот „запрете го времето“ за одложување на примената на мерките за компаниите, за известување и длабинска анализа за социјално и еколошко ниво.

Со тајно гласање, европратениците со 437 гласа ја поддржаа номинацијата на Лучијан Ромашкану за член на Романија во Европскиот суд на ревизори (ECA).

Европратениците одобрија два предлози за доделување заеми на Јордан и Египет во вредност од 500 милиони евра и 4 милијарди евра, соодветно. Макрофинансиската помош (МФП) за Египет беше усвоена со 452 гласа, а МФП за Јордан беше усвоена со 571 глас.

Со 518 гласа европратениците дадоа согласност за ажурираниот договор за рибарство со Гвинеја-Бисао, со кој на 41 брод од ЕУ им се дава пристап до водите на земјата во следните пет години. Во замена, ЕУ ќе обезбеди 85 милиони евра финансирање во текот на петте години. Ова се состои од 17 милиони евра годишно, при што 4,5 милиони евра се издвојуваат годишно за промовирање на одржливото управување со рибарството во Гвинеја-Бисао и за поддршка на локалните рибарски заедници. Ова е зголемување од 1,4 милиони евра годишно, во споредба со претходниот договор.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Во усвоената Резолуција европратениците побараа дополнителни мерки за зајакнување на конкурентноста на енергетски интензивните индустрии и за нивно помагање во транзицијата кон чисти индустриски процеси. Резолуцијата ја нагласува потребата од исплатлива транзиција со користење на различни технологии за намалување на трошоците за енергија и избегнување на ефектите на заклучување. Европарламентот повика на мерки за зајакнување на конкурентноста на енергетски интензивните индустрии и за нивно помагање во транзицијата кон чисти индустриски процеси.
Европскиот парламент усвои резолуции за човекови права за Камерун, Иран и Белорусија.



## ОДЛОЖЕНИ ЦАРИНСКИТЕ ТАРИФИ



Европската Унија донесе одлука да ги стави во мирување контратарифите против САД во траење од 90 дена, со цел да даде простор за преговори. Овие тарифи беа воведени како одговор на американските царини за челик и алуминиум, кои беа наметнати од администрацијата на претседателот Доналд Трамп. Првичниот план на ЕУ предвидуваше воведување на царини за американски производи во вредност од 21 милијарди евра (меѓу кои: соја, бакар, мотоцикли, железото, чамци и сокот од портокал).
Според планот, првата група контрамерки, вредна 3,9 милијарди евра, требаше да стапи на сила на 15 април, но одлука се одложи.
Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, во изјава за медиумите објасни дека паузата на контрамерките има за цел да овозможи преговарање и можност за наоѓање решение со Вашингтон. Оваа одлука доаѓа неколку часа по најавата на претседателот Доналд Трамп дека САД ќе ги паузира новите „реципрочни царини“ за 90 дена, поради зголемениот притисок од пазарите.
ЕУ и натаму се соочува со основна царинска стапка од 10% на некои производи, додека челикот, алуминиумот и автомобилите и понатаму се оптоварени со тарифи од 25%. Европската комисијата која има надлежност да ја одредува трговската политика на Унијата, продолжува да бара решение. Претседателката на ЕК предложи концепт „нула-за-нула“ царини, односно целосно укинување на индустриските тарифи меѓу ЕУ и САД, што се отфрли како доволен предлог.
Според податоците за 2023 година, ЕУ имала суфицит во трговијата со стоки со САД од 156,6 милијарди евра, но истовремено трговски дефицит од 108,6 милијарди евра во секторот на услуги.
Одлуката на ЕУ да ја паузира трговската војна е обид да се избегне натамошна економска нестабилност, но исходот од преговорите ќе зависи од подготвеноста на двете страни да најдат компромис.

https://www.euronews.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



На 9 април 2025 година претседателот на Собранието, Африм Гаши оствари средба со претседателката на Собранието на Словенија, Уршка Клакочар Зупанчич. На средбата беше потврдена заемната заложба и посветеност на двете страни за натамошно продлабочување на соработката меѓу двете држави, вклучително и на парламентарно ниво. На средбата присуствуваа Весна Бендевска, потпретседателка на Собранието, пратениците Муса Џафери, Љупчо Николовски, Калтрина Беќири и Марина Димовска, генерален секретар на Собранието.



Средба со Уршка Клакочар Зупанчич оствarija и потпретседателот на Собранието и претседател на Комисијата за европски прашања, Антонио Милошоски и членовите на комисијата. На средбата Милошоски се осврна на пречките со кои се соочува нашата земја на долгиот пат кон остварување на својата стратешка цел.

Во рамки на официјалната посета на Делегацијата од Државниот збор на Република Словенија, се одржа средба помеѓу генералните секретарки на Собранието, Марина Димовска и на Државниот збор, Уршула Зоре Тавчар.

www.sobranie.mk



На 25 април 2025 година претседателот Гаши оствари средба со Ервин Ибрахимовиќ, потпретседател на Владата на Црна Гора за меѓународни односи и министер за надворешни работи. На средбата присуствуваа и генералната секретарка на Собранието, Марина Димовска, и пратениците Мерита Колачи Коџаџику, Илир Демири и Оливер Спасовски. Во фокусот на средбата беше интеграцијата во ЕУ на двете земји. Беше истакната соработката меѓу парламентите на двете земји, како еден од клучните фактори во процесот на интеграција на земјите во ЕУ.



На 23 апрл 2025 година во Собранието се одржа Конференција на тема: Значењето на парламентарниот надзор во заштитата и унапредувањето на слободите и правата на граѓаните. Во дискусијата учествуваа пратеници, претставници на други државни институции, на невладини организации, домашни и меѓународни експерти, кои ја истакнаа потребата за „поврзување на политиката и праксата и за зајакнување на парламентарниот надзор во промоција и заштита на човековите права“. Претседателот на Собранието Африм Гаши го посочи парламентарниот надзор како неопходен елемент во промоцијата и заштитата на човековите права, нагласувајќи дека одговорност на законодавната власт е да ги штити правата и гласот на граѓаните.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



За придобивките од Реформската агенда 2024 – 2027, во контекст на процесите на евроинтеграција на Северна Македонија и на Западен Балкан се дискутираше на дебата во Собранието, која се одржа на 22 април годинава, со учество на членови на Комисијата за европски прашања и членови и претставници на Националниот совет за евроинтеграции. На настанот се обратија претседателот на Собранието, Африм Гаши, потпретседателот на Собранието и претседател на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски, претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Венко Филипче, поранешниот главен преговарач за пристапни преговори на Хрватска со ЕУ и експерт на УНОПС Владимир Дробњак, министерот за европски прашања, Орхан Муртезани, амбасадорката на Швајцарија Вероник Улман и заменик-амбасадор на ЕУ Бен Нупнау.



Делегација од Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и ЕУ, предводена од претседателката Иванка Василевска, на 24.04.2025 г. во Европскиот парламент во Стразбур, оствари средби со европратениците Карло Реслер, претседавач на МПК, од европска страна; со Марион Валсман, Сунчана Главак, Антонио Тангер Кореа, членови; Матијаш Немец, заменик-член; Томас Вајц, известител на ЕП за нашата земја и со Матеј Тонин, известител во сенка за нашата земја, во рамки на политичката група на ЕПП во Европскиот парламент. На средбите беше потврден одличниот континуитет на парламентарна соработка и поддршката на Европскиот парламент за нашиот евроинтегративен процес. Во однос на Резолуцијата која ја носи Европскиот парламент за нашата земја, врз основа на Извештајот за напредокот на Европската комисија, беше констатирано дека првата Предлог-верзија, како и претходните години, балансирано ја отсликува состојбата.



На 30 април 2025 година во Собранието се одржа конститутивна седница на Меѓупартиската парламентарна група за следење на имплементацијата на обврските од Берлинскиот процес и реформската агенда од Планот за раст. Иницијативата за оваа Група беше поднесена во октомври минатата година и истата беше прифатена од сите партии. На денешното нејзино конституирање, формално за претседател на истата, едногласно беше избран потпретседателот на Собранието, Антонијо Милошоски, на предлог на координаторот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Мицевски.



Пратениците Бојан Стојаноски, претседател на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика и Димитар Ковачевски, член комисијата, на 24 април 2025 година учествуваа на состанок на Парламентарниот пленум на Енергетската заедница посветен на достапноста на електричната енергија и интеграцијата на обновливите извори на енергија, во организација на Секретаријатот на Енергетската заедница кој се одржа во Брисел, во Европскиот парламент.

## ПОВИК ЗА ПРИВАТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН




Европската Унија објави Повик за изразување интерес за мобилизирање приватни инвестиции во Западен Балкан, со цел да се поддржи економскиот развој на регионот и неговата интеграција во единствениот пазар на ЕУ.

Поканата беше објавена на Самитот Адрија 2025 во Црна Гора, што значи дека компаниите од ЕУ, Европската економска област и Западен Балкан се поканети да поднесат предлози за инвестициски проекти. Крајниот рок за аплицирање е 21 мај 2025 година.

Европската комисија ќе ги разгледа предлозите и ќе се стреми да ги поддржи најпогодните проекти со достапни политики, технички или финансиски инструменти, а целта е да ги поттикне приватните инвестиции во развојот на инфраструктурата, економската диверзификација, зелената и дигиталната транзиција, како и интеграцијата во синџирот на вредност на ЕУ, со цел да се овозможи отворање нови работни места и да се намали економскиот јаз во согласност со Планот за раст на Западен Балкан.

https://enlargement.ec.europa.eu

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН




Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) со поддршка на ЕУ изработи програма „Go Digital“, вредна 377 милиони евра, наменета за дигитализација на малите и средни претпријатија од Западниот Балкан со цел поттикнување на иновациите и растот во приватниот сектор.

Програмата ќе ги понуди средствата преку заеми, грантови и техничка помош за инвестиции во дигитализација, автоматизација и зелени технологии.

Како што е предвидено, ЕБОР ќе додели заеми во износ до 350 милиони евра на партнерски финансиски институции од регионот на Западниот Балкан, кои потоа ќе позајмуваат средствата на малите и средните претпријатија. Бизнисите ќе имаат можност да корист и стимулации за грантови во износ од 10% од сумата на заемот, финансирани од ЕУ. Севкупно, ЕУ ќе обезбеди 27,6 милиони евра грантови и техничка помош за програмата преку Инвестициската рамка за Западниот Балкан (ВБИФ). Програмата се надоврзува на успешната пилот програма во Босна и Херцеговина, преку која со инвестиции беа поддржани речиси 200 локални компании.

Оваа програма има за цел да им помогне на малите и средни претпријатија од регионот да ја зголемат дигиталната свест и пристапот до финансии. Овие претпријатија ќе можат да аплицираат за финансирање за широк опсег на технологии и инвестиции, од усвојување на автоматизирани и роботизирани индустриски процеси, па до користење на сложени дигитални алатки за одлучување, собирање и анализа на податоци. Кредитната линија ќе биде достапна во повеќе од 10 регионални финансиски институции - банки и лизинг компании – партнери на ЕБОР.

https://www.eeas.europa.eu

## ПРЕДЛОГ-РЕГУЛАТИВА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО СО МИКРОПЛАСТИКА



Претставници на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, на 9 април 2025 година постигнаа договор за текстот на Предлог-регулативата за спречување на загадувањето со микропластика, која треба да обезбеди заштита на животната средина, но и да и овозможи на европската индустрија да продолжи да работи одржливо.
Европската комисија го поздрави договорот, посочувајќи дека тој ќе овозможи да се намалат загубите на пластични маси при секојдневните работни процеси или при транспортот, кои завршуваат во животната средина, вклучително и во морињата.
Новите правила се очекува да ги намалат загубите на пластични суровини до 74%, што ќе помогне да се зачуваат екосистемите и биолошкиот диверзитет, да се намалат ризиците по здравјето на луѓето и да се подобри репутацијата на секторот. Од друга страна, новите законски решенија ќе бидат корисни за економските актери во повеќе сектори, како земјоделството, аквакултурата и туризмот.
Според анализите, пластиката ги контаминира водата и почвата, земјоделските површини, им нанесува штети на екосистемите и на биодиверзитетот, предизвикувајќи физички оштетувања или угинување на морските и крајбрежните видови, како што се морските желки, морските птици и школките.
Целта на регулативата е намалување на загадувањето со пластични маси, ограничување на употребата на производи со намерно додадена микропластика и намалување на ненамерното ослободување на микропластика во природата. Со Акцискиот план за нулто ниво на загадување, до 2030 година, загадувањето треба да се намали за 30% во однос на сегашното ниво.
Постигнатиот договор треба да го одобрат Европскиот парламент и Советот на ЕУ, со што новата регулатива ќе биде и формално усвоена.

https://ec.europa.eu/commission

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ПАТИШТАТА



За подобра безбедност на патиштата и квалитет на воздухот низ ЕУ, Европската комисија на 24 април 2025 година предложи сеопфатна ревизија на правилата за безбедност на патиштата и регистрација на возила на ЕУ.
Новите правила ќе го земат предвид зголеменото присуство на електрични возила и ќе се прилагодат на новите технологии. Тие ќе воведат засилени инспекции, вклучувајќи периодични технички прегледи за електрични возила и напредни системи за помош на возачот, годишни инспекции за постари автомобили и комбиња, како и напредни методи за тестирање на емисиите за откривање возила со висока емисија за да се намали загадувањето со ситни честички. Дополнително, Комисијата предлага да се воведат сертификати за дигитална регистрација на возила и периодично тестирање, да се поедностави прекуграничното споделување на податоци и да се заштитат граѓаните од измамнички активности како што е манипулација на километражата. Исто така, ќе им се олеснат периодичните технички прегледи за оние кои привремено престојуваат во друга земја на ЕУ.
Предложените измени ја одразуваат посветеноста на ЕУ за безбедна и одржлива мобилност, истовремено обезбедувајќи слободно движење на луѓе и стоки. Помеѓу 2026 и 2050 година, се проценува дека овие предлози ќе спасат околу 7.000 животи и ќе спречат околу 65.000 сериозни повреди. За таа цел, Комисијата предлага да се ревидираат три директиви: за периодичен технички преглед (PTI) на возила, документи за регистрација на возила и за патна инспекција (RSI) на комерцијални возила.

https://transport.ec.europa.eu

## ДИРЕКТИВА ЗА МИНИМАЛНО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ГОЛЕМИТЕ КОРПОРАЦИИ ВО ЕУ



Минимално корпоративно оданочување: продолжување со соработката и размената на информации меѓу земјите-членки. Советот на ЕУ ги зајакнува мерките за оданочување и бизнисот со одобрување на директивата за даночна соработка - попознатa како DAC9 - со цел да се стави во сила глобалниот договор на Г20/ОЕЦД за одредбите за меѓународна даночна реформа, постигнат на 2 јули 2021 година.
Предложената директива за минимално оданочување на големите корпорации - која ќе наметне данок од најмалку 15% на секоја компанија со годишен обрт од над 750 милиони евра - се поврзува со прашањето за дигиталното оданочување.Додека минималното оданочување (Столб 2) е на ЕУ, даночната политика за интернет-операторите (Столб 1) е дел од договор со ОЕЦД и затоа е предмет на меѓународен договор. Договорот постигнат на 14 април годинава во Советот на ЕУ се однесува на Столб 2.
Разбирањето постигнато меѓу министрите на 27-те земји членки ги проширува прописите за транспарентност на даноците. Поточно, го поедноставува известувањето за големите компании со тоа што овозможува централно поднесување на дополнителна даночна пријава (TTIR), т.е. едно поднесување на компанијата за целата засегната група, наместо поднесување локално, т.е. одделно за корпоративни субјекти. Исто така, воведува стандарден образец за поднесување на TTIR низ цела ЕУ, во согласност со оној развиен од Инклузивната рамка на Г20/ОЕЦД за ерозија на базата и префрлање на профитот (BEPS).
Новата Директива DAC9 ќе стапи во сила по објавување во Службениот весник на ЕУ. Земјите членки до 31.12.2025 година, треба да ги усвојат и објават законите, регулативите и административните одредби за усогласување со оваа директива. Првото интегрирано даночно известување е закажано за 30 јуни 2026 година.

https://taxation-customs.ec.europa.eu

## АКТИВИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА КЛАУЗУЛА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ



Дванаесет земји членки на ЕУ поднесоа писмено барање до Европската Комисија, за активирање на национална клаузула за отстапување во рамки на Пактот за стабилност и раст, како дел од пакетот „План за Европа/Подготвеност за 2030“ на „РеАрм“, презентиран во март 2025 година. Тоа се Белгија, Данска, Естонија, Финска, Германија, Грција, Унгарија, Латвија, Полска, Португалија, Словачка и Словенија. Се очекува дополнителни барања да бидат поднесени во подоцнежна фаза, бидејќи неколку земји членки изразија интерес да ја искористат оваа клаузула.
Активирањето на националната клаузула за отстапување им обезбедува на земјите-членки дополнителен буџетски простор за зголемување на трошоците за одбрана, додека остануваат во рамките на фискалните правила на ЕУ, во согласност со документот објавен од Комисијата како дел од пакетот „План за Европа/Подготвеност за 2030“.
За да се обезбеди фискална одржливост на среден рок, отстапувањето од препорачаната патека на нето расходи ќе биде ограничено на максимум 1,5% од БДП дополнителни расходи за одбрана за секоја година на активирање до 2028 година.
Комисијата сега ќе ги процени барањата поднесени од земјите-членки со цел да достави препораки до Советот за активирање на националната клаузула за отстапување како дел од претстојниот пакет за Европски семестар за пролетта 2025 година. Советот потоа ќе има еден месец да одлучи по ова прашање.

https://ec.europa.eu

## ПЛАН ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И ТЕХНОЛОШКАТА НЕЗАВИСНОСТ



Европската комисија на 9 април 2025 година претстави „Акциски план за континент со вештачка интелигенција", со цел да го забрза прифаќањето на вештачката интелигенција (AI) во компаниите и за намалување на зависноста на Унијата од други региони, особено во критичните технологии како чипови и квантни системи.

Претседателката на Комисијата Урсула фон дер Лајен во февруари годинава го најави овој план во Париз, нарекувајќи го "начин на трансформација на традиционалните индустрии во „моќни мотори на иновации".

Европската комесарка за технологија, Хена Виркунен, нагласи дека е неопходно ЕУ да гради сопствени капацитети во сектори како што се чиповите за вештачката интелигенција, покрај постојните партнерства со САД. Унијата работи на нов Chips Act 2.0, за зголемување на производствената независност.

Комисијата објави дека компаниите можат да дадат повратни информации до јуни годинава, преку јавна консултација за Законот за развој на облак и вештачка интелигенција и Стратегијата „Примени вештачка интелигенција".

Во јануари годинава, Комисијата објави дека ќе вложи околу 20 милијарди евра во создавање на гигафабрики со околу 100.000 AI-чипови од последна генерација, што е четири пати повеќе од капацитетите што моментално се формираат. Првата таква фабрика би можела да започне со работа во 2026 година.

ЕУ донесе Закон за вештачка интелигенција, кој ќе се применува постепено и ќе биде целосно во сила во 2027 година. Целта е до 2030 година, 75% од европските компании да користат AI.

Сепак, Комисијата предупредува дека Европа заостанува во споредба со САД кога станува збор за инвестиции и иновации во овој сектор. Помеѓу 2008 и 2021 година, во Европа биле основани 147 стартапи, компании чија вредност надминува милијарда долари, од нив 40 го преселиле седиштето во странство, главно во САД – причина за која се наведува прекумерната регулатива и административните бариери.

https://ec.europa.eu

## БЕЗБЕДНИ ЗЕМЈИ ЗА ВРАЌАЊЕ НА МИГРАНТИТЕ



Европската комисија планира да одреди седум „безбедни земји на потекло" од кои барањата за азил би можеле да бидат забрзани и потенцијално одбиени

Листата ги вклучува Бангладеш, Колумбија, Египет, Индија, Косово, Мароко и Тунис.

Барателите на азил што пристигнуваат во ЕУ од овие седум земји ќе се информираат дека нивните барања се одбиени и ќе им се достави наредба за враќање според новите правила на ЕУ.

Се очекува овој потег да биде проследен со забрзана ревизија на концептот на безбедна трета земја во правото на ЕУ.

Концептот на безбедна трета земја им овозможува на барателите на азил да бидат испратени во земја каде што можат да најдат заштита, наместо да останат во земјата во која аплицирале.

Листата ќе биде вклучена како амандман на регулативата за постапка за азил на ЕУ, дел од пактот за миграција усвоен минатата година. Треба да се спроведе во 2026 година.

Во март годинава, Комисијата предложи нови обврзувачки правила за враќање на мигранти, за кои земјите од ЕУ и европратениците сега дебатираат.

https://www.euractiv.com

## 40 ГОДИНИ ШЕНГЕН




Европската комисија на 23 април 2025 година го објави четвртиот извештај за состојбата на Шенген, по повод одбележување на 40 годишнината. Во извештајот се опфатени случувањата во изминатата година и се поставени приоритети за годината што претстои. Минатата година, Шенген областа повторно беше најпосетувана дестинација во светот, со над повеќе од половина милијарда посетители и поттикнувајќи економски раст низ целата Унија.
Шенген еволуираше во „робустен и сеопфатен систем“ во кој земјите-членки, со поддршка на Унијата, „ефикасно управуваат со надворешните граници, безбедноста и миграцијата на координиран начин“.
Целосното пристапување на Бугарија и Романија во Шенген зоната значително ја зајакнува економијата на ЕУ и „е доказ дека земјите-членки се целосно ангажирани за натамошно подобрување на соработката во рамките на Шенген“, истакна Европската Комисија.
Барањата на Шенген станаа клучен аспект од процесот на проширување на ЕУ, бидејќи сите земји-кандидати мора да имаат целосно функционални национални системи за управување со Шенген до моментот кога ќе бидат примени во ЕУ.
Интензивираните напори на ЕУ доведоа до намалување на нерегуларните преминувања на надворешните граници на Шенген, со околу 240.000 случаи - најниско од 2021 година. Потребна се поголеми напори за зголемување на политичката соработка и размена на информации за управување со Договорот, забрзување на дигитализацијата, прилагодување кон новите безбедносни предизвици и спроведување на репатријации за нелегални влезови.

https://home-affairs.ec.europa.eu

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ЕВРОПА




На 9 мај, Европејците го прославуваат Денот на Европа. Оваа 2025 година ја одбележува 75 годишнината од Шумановата декларација, која ги постави темелите на ЕУ и го отвори патот за невидена ера на просперитет, мир, демократија, солидарност и соработка во Европа.
За да се одбележи овој настан, ќе се одржат многу настани во земјите-членки на ЕУ и низ целиот свет, зближувајќи ги граѓаните од сите сфери на животот. Институциите на ЕУ ќе ги отворат своите врати и ќе ги поканат граѓаните да ги посетат нивните простории, да ја откријат својата работа и да се вклучат во широк спектар на образовни и забавни активности.
Значајни згради и споменици низ целиот свет ќе бидат осветлени во боите на ЕУ, додека посебна програма за Денот на Европа е планирана за Експо 2025 во Осака, Јапонија.
Во време на глобална неизвесност, Европа останува сидро на стабилност - место на можности и заштита за своите граѓани. ЕУ и нејзините институции работат кон заедничката цел за обезбедување просперитет и конкурентност, гарантирајќи ја нашата безбедност и одбрана, а воедно почитувајќи ги фундаменталните вредности за кои се грижат Европејците.

https://european-union.europa.eu

## НОВИ РЕКОРДИ НА ИНТЕРНЕТ ПЛАТФОРМИТЕ ЗА РЕЗЕРВАЦИИ ВО 2024 ГОДИНА

Во 2024 година, гостите поминале 854,1 милиони ноќевања во краткорочни сместувања за изнајмување во ЕУ, резервирани преку Airbnb, Booking, Expedia Group или TripAdvisor. Ова претставува зголемување од 18,8% во споредба со 2023 година (719,0 милиони ноќевања), што е нов рекорден максимум.
Со исклучок на април, за секој месец во 2024 година се регистрирани поголем број ноќевања поминати во краткорочни сместувања во споредба со истиот месец во 2023 год. Најголемите зголемувања во споредба со 2023 година се забележани во март (+48,0%), мај (+31,7%), август (+21,6%) и ноември (+21,5%).
Информациите доаѓаат од месечните податоци за сместување со краток престој понудено преку интернет платформите. Евростат објави податоци за четвртиот квартал на национално ниво и третиот квартал на регионално ниво.
Најдобра дестинација во летото 2024 година е Јадранска Хрватска. Најпопуларните региони за сместување за краткорочно изнајмување резервирани преку интернет платформи во третиот квартал од 2024 година биле Јадранска Хрватска (25,2 милиони ноќевања, +6,0% во споредба со третиот квартал од 2023 година), Андалузија во Шпанија (17,2 милиони ноќевања, +23,1%) и францускиот Прованса-Алпи-Азурен Брег (15,6 милиони ноќевања, +26,2%). Во истиот квартал, меѓу првите 20 региони, шест биле во Франција, по пет во Шпанија и Италија, два во Грција и по еден регион во Хрватска и Португалија.

https://ec.europa.eu/eurostat




*ЕУ КАЛЕНДАР / мај 2025*

1. *Неформален состанок на министрите за надворешни работи, 7-8/5/2025, Варшава, Полска;*
2. *Состанок на Советот за надворешни работи, 15, 20 и 25/5/2025, Брисел;*
3. *Состанок на Советот за општи работи, 27/5/2025, Брисел;*
4. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, од 5-8 и 21-22/05/2025, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр.10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локали 414 и 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




